**РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**
Градски ѕид блок 5, П.Фах 14
1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: 075 210 741
www.z37rsm.org.mk
e-mail: radioamaterskisojuz@gmail.com

**RADIOAMATEUR SOCIETY OF MACEDONIA**
Gradski zid blok 5, P.O.Box 14
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 75 210 741
www.z37rsm.org.mk
e-mail: radioamaterskisojuz@gmail.com

Врз основа на Статутот на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, Извршниот одбор на својата редовна седница одржана на 5 Јануари 2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за висината на членарината**

**Член 1**

Почнувајќи од 20 јануари 2019 година па во иднина, членарината ќе изнесува 1200 денари и ќе важи за секој член на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија (индивидуални членови и клубови)

**Член 2**

Членовите кои веќе уплатиле членарина за 2019 година во износ од 300 денари, колку што изнесуваше досегашната членарина, до денот кога стапува на сила оваа Одлука, (20 јануари 2019 година) не се должни да доплатуваат до износот од 1200 денари и ќе се смета дека ја имаат подмирено членарината за 2019 година.

**Член 3**

Оние членови кои ќе уплатат членарина во периодот по 20 јануари 2019 година, должни се да уплатат износ од 1200 денари.

**Член 4**

Оние членови кои уплатиле однапред членарина за 2020 година и понатаму, во износ од 300 денари, колку што изнесуваше досегашната членарина, должни се за соодветната година да ја доплатат разликата до 1200 денари.

**Член 5**

Членарината кон Радиоаматерскиот сојуз треба да биде подмирена најдоцна до 31.мај во тековната година.

**Член 6**

Оваа одлука стапува на сила од 20 јануари, а најмалку 8 денови претходно треба да се објави на официјалната интернет страница на РСМ и на официјалната фејбук страница на РСМ

Радиоаматерски Сојуз на Македонија * Скопје * РСМ

Радиоаматерски сојуз на Македонија
Претседател,
м-р Миле Кокотов, Z33T